Врз основа на член 54 став (1) точка 1) потточка 1.20 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25), член 8 став (2) од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22, 218/25, 48/26, 60/26 и 87/26) и Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho_e$ и деескалираната густина $\rho_d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот Р за премија, транспортните трошоци Т до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.109/26), Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 01.06.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт

### Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 88,00 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 90,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 85,50 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 87,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 47,906 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени во став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно со став (1) на овој член, освен цената за Мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на Мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно со овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

**Член 2**

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, коишто изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 45,736 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 47,430 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 50,880 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 50,725 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 36,708 (денари/килограм) |

**Член 3**

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, којшто за Еуросупер БС-95 е во износ од 6,870 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 6,871 денари/литар, за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 6,748 денари/литар и за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 6,588 денари/литар, додека за Мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 3,000 денар/килограм.

**Член 4**

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, со исклучок за Мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 1,00 денари/литар за сите нафтени деривати.

**Член 5**

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина што согласно член 184 став (1) од Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,050 (денари/килограм) |

**Член 6**

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви, што согласно член 32 став (1) од Законот за задолжителни нафтени резерви го плаќаат производителите на нафтени деривати и увозниците на нафтени деривати:

- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 - 0,890 (денари/литар)
- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 - 0,890 (денари/литар)
- Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) - 0,300 (денари/литар)
- Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) - 0,300 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС - 0,740 (денари/килограм)

**Член 7**

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите што ги плаќаат обврзниците согласно прописите за акцизи, изнесуваат:

- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 - 20,00 (денари/литар)
- Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 - 20,00 (денари/литар)
- Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) - 13,50 (денари/литар)
- Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) - 15,50 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС - 0,100 (денари/килограм)

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во “Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб-страницата на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 00:01 часот на 02.06.2026 година.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Со оваа одлука се врши намалување на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за 3,84% во однос на малопродажните цени на нафтените деривати утврдени согласно одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија од 26.05.2026 година.**

Референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар во споредба со претходната пресметка бележат намалување кај бензините во просек за 10,867% или за 126,900 $/тон, кај дизелот намалувањето е во просек за 10,622% или за 125,300 $/тон, кај екстра лесното масло намалувањето е во просек за 10,136% или за 118,400 $/тон и кај мазутот намалување во просек за околу 8,238 или за 51,900 $/тон.

Курсот на денарот во однос на доларот во изминатиот период, во просек изнесува 53,1138 ден/$ и е за околу 0,0272% повисок од курсот на доларот (53,0994 ден/$) по кој беа формирани цените со претходната пресметка, односно од 26-ти мај.

**Владата на РСМ на седница одржана на 31.05.2026 година донесе Одлука за изменување на Одлука за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметка на акцизата ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 115/26). Со Одлуката за изменување на Одлука за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметка на акцизата се овозможува да се применат намалени износи на акцизите за 2,00 ден/лит кај ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) и кај бензините ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98, согласно членот 92, став 11 од Законот за акцизи, а пресметани согласно средната дневна берзанска цена на Prem Unl 10ppm на котација "Mediterranean cargoes FOB (Italy)" од Platt's European Marketscan, за периодот од 16-ти до 31-ви мај 2026 година и средната дневна берзанска цена на 10 ppm ULSD на котација "Mediterranean cargoes FOB (Italy)" од Platt's European Marketscan, за периодот од 16-ти до 31-ви мај 2026 година. Повластената даночна стапка за ДДВ изнесува 18% за сите нафтени деривати, вклучувајќи ги и нафтените деривати ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98.**

**Имајќи ги предвид влијанијата на погоре наведените елементи во формирањето на цените на нафтените деривати согласно Методологијата, малопродажните цени на нафтените деривати, се намалуваат во просек за 3,84%.**

**Малопродажните цени на бензините ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98, се зголемуваат за 0,50 ден/лит, во однос на малопродажните цени утврдени со одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од 26.05.2026 година и со тоа малопродажната цена на ЕУРОСУПЕР БС-95 изнесува 88,00 ден/лит, додека малопродажната цена на ЕУРОСУПЕР БС-98 изнесува 90,00 ден/лит.**

**Малопродажните цени на ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) и на Екстра лесното масло за домаќинство на (ЕЛ-1), се намалуваат за 6,50 ден/лит, во однос на малопродажните цени утврдени со одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од 26.05.2026 година и со тоа малопродажната цена на ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) изнесува 85,50 ден/лит, додека малопродажната цена на Екстра лесното масло за домаќинство на (ЕЛ-1) изнесува 87,50 ден/лит.**

**Малопродажната цена на Мазутот М-1 НС, се намалува за 3,238 ден/кг, во однос на малопродажната цена утврдена со одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од 26.05.2026 година и со тоа малопродажната цена на Мазутот М-1 НС изнесува 47,906 ден/кг.**

**Бр. 02-853/1**
**01.06.2026**

**С к о п ј е**

**Заменик претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Lirim Sulejmani**